# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
## СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ, ЦЕНТАР – СКОПЈЕ




**УЧЕБНА 2019 / 2020**

# С О Д Р Ж И Н А


1. Вовед ..... 3
2. Лична карта на училиштето ..... 6
   - Општи податоци за училиштето ..... 6
   - Просторни услови за работа на училиштето ..... 7
3. Мапа на училиштето ( каде се наоѓа ), план на просториите ..... 8
   - Степен на образование на вработените ..... 10
   - Старосна структура на вработените ..... 10
4. Мисија и визија ..... 13
5. Едукативни информации од календарот за настава ..... 14
   - Еколошки календар ..... 15
   - Наставен и ненаставен кадар ..... 16
   - Раководен стручен и административен кадар ..... 16
   - Преглед на наставен кадар, класни раководства и број на часови по предмети ..... 17

Преглед на наставници во одделенска настава ..... 20

6. Курикулум- НАСТАВЕН ПЛАН ..... 21
   - Организација на задолжителна настава ..... 22
   - Инклузија на деца со посебни потреби ..... 25
   - Употреба на ИКТ во наставата ..... 28
   - Реализирани часови во предметна  настава со примена на ИКТ ..... 28
   - Проекти кои се реализираат во училиштето ..... 29
   - Работа со надарени и талентирани ученици ..... 30
7. Оценување ..... 31

Редовност на учениците во првото полугодие од учебната 2019-2020год ..... 36

   - Меѓуетничка интеграција во образованието ..... 37
   - Вонинаставни активности ..... 38
   - Ученички натпревари ..... 38
   - Екскурзиите како посебен вид настава ..... 40
   - Реализација на слободните ученички активности ..... 40
   - Општествено- хуманитарна работа ..... 53
8. Грижа за здравјето ..... 54
   - Грижа за ученици од семејства во социјален ризик ..... 55
9. Ученици и ученички организации ..... 55

- Подмладок на Црвениот крст ... 55
- Ученички парламент ... 57
- Детска организација ... 58
10. Професионален развој на наставниците, стручните соработници ... 59
- Професионален развој ... 59
- Стручен актив I-IX одд. ... 61
- Педагошка евиденција и документација ... 62
- Самоевалуација на училиштето ... 63
- Наставничко портфолио ... 63
- Унапредување на работата на одделенскиот раководител ... 64
- Менторство на наставници ... 65
11. Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем на училиштето ... 66
- Интегрирано планирање во одделенска и предметна настава ... 67
- Програма за антикорупциска едукација на учениците ... 70
12. Други активности ... 70
- Соработка со локална средина и локална заедница ... 70
- Јавна и културна дејност на училиштето ... 72
- Превенција од насилно однесување во основното училиште ... 74
13. СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ ... 75
14. СТРУЧНИ ОРГАНИ ... 89
- Наставнички совет ... 89
15. ОРГАН НА УПРАВУВАЊЕ ... 91
- Седници на училишниот одбор ... 91
16. ОРГАН НА РАКОВОДЕЊЕ ... 93
- Работа на директорот ... 93
- Акционен план за работа на директор ... 100
17. Совет на родители ... 101
- Седници на Советот на родители ... 101
18. Финансов извештај ... 102

# 1. Вовед

Основното училиште Св. Кирил и Методиј, Центар-Скопје е најстаро училиште во Република Северна Македонија со непрекината воспитно образовна дејност на мајчин македонски јазик во текот на **183 години** (од далечната 1836 година до денес).

Работата на училиштето ја делиме во три периоди и тоа:

**Прв период (1836-1945год.)**

Во 30-тите години на 19 век се отворило првото словенско ќелијно училиште во Скопје и тоа во дворот на новоизградената црква „Света Богородица“ во 1836 год. каде за прв пат децата учеле само на својот мајчин јазик. По покана на градските првенци за учител во училиштето, дошол преродбенскиот учител и народен просветител **Јордан Хаџи Константинов-Џинот**. Неговото доаѓање означува пресвртница за просветно-културниот и националниот живот на градот Скопје. Тој ги разделил учениците на одделенија, вовел во наставата световни предмети и новиот, земен систем на настава; вовел и клупи и современи наставни средства (земни таблици, песочница, географска карта, глобус и сл.) и современи наставни методи, ги исфрлил и физичките казни. За намената што ја добило училиштето била подигната нова училишна зграда.

**Втор период (1945-1991год.)**

Веднаш по ослободувањето на Скопје училишното ѕвоно повторно се огласило повикувајќи 475 ученици кои следеле настава од прво до седмо одделение. Училиштето и понатаму го задржало дотогашното име „Св. Кирил и Методиј“. Во наредните години бројот на учениците рапидно расте и наставата се изведува во две смени.Во 1961 година училиштетето прераснува во осумгодишно.По катастрофалниот земјотрес во 1963 год. наставата се изведувала во монтажна барака со три училници и во неа се одвивала настава во три смени со скратени часови од по 40 минути. Новата училишна зграда е предадена во употреба на 28.12.1964 год. во која се сместуваат уште две училишта (економското училиште „Моша Пијаде“ и гимназијата „Орце Николов“) се до 1968 год. Во учебната 1973/74 год. училиштето го губи зборот „Свети“ во својот наслов.

Во 1978 год. на училишниот колектив му е доделена наградата „13 Ноември“ за придонес во ширење на просветата и културата кај младите. До 1979 година во овој период се школувале 16 260 ученици.

**Трет период (1991 до денес**)

Во 1993 год. на свечена седница на Окружниот стопански суд училиштето се пререгистрира во „Свети Кирил и Методиј“ –Скопје. Во овој период во училиштето завршиле околу 20 854 ученици. Во денешно време училиштето го следи брзиот техничко-технолошки развој и стремежот за приближување кон европските стандарди во секојдневната работа. Покрај академски и интеркултурни стандарди училиштето посебно се залага за развивање на свеста и разбирањето на други култури, нивно почитување , взаемна комуникација и соживот.

ООУ „ Св. Кирил и Методиј“- Центар, Скопје го изготвува ПОЛУГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ кој се темели на следниве појдовни основи:

- Законот за основно образование;
- Наставните планови и програми за воспитно-образовна дејност на основно училиште;
- Статут на училиштето;
- Програма за развој на училиштето;
- Годишна програма за работа на училиштето за учебната 2019/20 година;
- Документи и акти на МОН
- Извештаи и укажувања од ДПИ - **Државниот просветен инспекторат спроведе интегрална евалуација на училиштето во периодот од 20.11 до 22.11. 2019 год.**
- Извештаи и укажувања од БРО
- Извештаи и укажувања од Општина Центар
- Правилник за работа на Училиштен одбор
- Правилник за работа на Совет на родители;
- Кодекс на училиштето
- Куќен ред
- Програма за екскурзии
- Правилници за дежурства на наставници и ученици и правилник за работно време;

Целта и задачите на Извештајот е да се проследат личната карта, историјатот и просторните и материјално-технички услови за работа во училиштето, организацијата и начинот на остварување на воспитно-образовната работа во училиштето, облиците на наставната и воннаставната активност, грижата за здравјето на учениците, соработката со локалната средина, следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовната работа во училиштето, успехот на учениците, професионалниот развој на наставниците, работата на ученичките организации, работата на стручните органи и органите на управување и раководење.

Изготвениот ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ќе се разгледува и усвои на седница на Училишен одбор, а потоа се доставува како усвоен предлог на конечно усвојување до Советот на Општина Центар-Скопје.

## 2. Лична карта на училиштето

- ***Општи податоци за училиштето***

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | **СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ, ЦЕНТАР – СКОПЈЕ** |
| **Адреса, општина, место** | Ул.1737 бр.1 Центар Скопје |
| **Телефон** | 02/3 164 357 02/3 213 799 |
| **Фах** | 02/3 164 357 |
| **Е-маил** | oukim@oukimcentar.edu.mk |
| **Веб страна** | www.oukimcentar.edu.mk |
| **Основано од** | ИО – ГНОО на Град Скопје |
| **Верификација-број на актот** | 15-820 |
| **Година на верификација** | 26.06.1984 |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик |
| **Година на изградба** | 1963/64 |
| **Тип на градба** | Тврда градба |
| **Површина на објектот** | 3101 $м^2$ |
| **Фискултурна сала** | 660 $м^2$ |
| **Површина на училишниот двор** | 3248 $м^2$ |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 600 м2 |
| **Училиштето работи во смена** | Една смена |
| **Начин на загревање на училиштето** | Централно парно и електрична енергија (чилер) |
| **Број на одделенија** | 9 |
| **Број на паралелки** | 22 |
| **Број на смени** | Една смена |

- ***Просторни услови за работа на училиштето***

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 1 |
| **Фискултурна сала** | 1 |
| **Училишен двор** | 1 |
| **Број на подрачни училишта** | 0 |
| **Бруто површина** | 7609 м2 |
| **Нето површина** | 3848 м2 |
| **Број на спортски терени** | 1 |
| **Број на катови** | 3 |
| **Број на училници** | 26 |
| **Број на помошни простории** | 6 |
| **Училишна библиотека** | 2 |
| **Начин на загревање на училиштето** | Централно парно |

***Материјално – технички услови***

| | |
|---|---|
| **Материјално – технички услови** | Во текот на првото полугодие наставата по ФЗО започна да се изведува во новата фискултурна сала, се поплочи со бекатон плочки целиот училишен двор и се реконструираа прозорите во целата училишна зграда.<br>Од просторни услови училиштето поседува: 16 кабинети и 10 училници, 6 помошни простории, 4 канцеларии (наставници, директор, секретар, педагог и психолог), 2 библиотеки – една за учениците од I до V одделение и една за учениците од VI до IX , 5 санитарни јазли, 1 кујна и трпезарија со 2 помошни простории. Од технички услови училиштето поседува 20 телевизори, 1 LCD телевизор, 14 DVD плеери, 48 сервери кои се во функција, 3 фотокопири, 8 принтери, 15 клима уреди, 190 мали лаптопи за во одделенска настава, 1 графоскоп, 1 микроскоп, 4 компјутерски микроскопи, 3 мимио табли, 2 LCD проектори 1 смарт табла. Училиштето е вклучено на интернет со wireless (безжична конекција) и со ADSL жичана конекција. |

### 3. Мапа на училиштето ( каде се наоѓа ), план на просториите















| | |
|---|---|
| **Членови на Училишен одбор (име и презиме )** | Сашо Јанев- претседател (родител) 2018-2021 год.<br>Марија В. Алексова- член (од училиште) 2018-2021год.<br>Маја Бутлеска- член (од училиште) 2018-2021 год.<br>Вера Петровска-член (од училиште) 2017-2020 год.<br>Борче Георгиевски- член (родител) 2018-2021 год.<br>Драган Георгиевски-член (родител) ) 2017-2020 год.<br>Маја Герасимовска-член Општина Центар 2019-2022 год. |
| **Членови на Совет на родители ( име и презиме )** | Татјана Соколовска (претседател на Советот на родители), Сенада Шакировиќ, Џемила Едип, Игор Јаневски, Зоран Ингилизов, Азрина Закировиќ, Симона Петровски, Габриела Крстевска, Верче Дамјановска, Јасмина Трифуновска, Билјана Стеријадовска, Керим Ариф, Шемо Мекиќ,Снежана Чеповска, Арслан Ремка, Биљана Попеска, Цвета Цветкова, Билјана Сухар, Алма Џамовиќ, Софи Тунева, Хермина Хот |
| **Стручни активи ( видови )** | I-V Стручен актив на одделенска настава<br>VI-IX Стручен актив на предметна настава<br>- Природно математички стручен актив<br>- Јазична група - стручен актив<br>- Општествен стручен актив |
| **Одделенски совети ( број на наставници )** | I-V 20 наставници и VI-IX 24 наставници |
| **Членови на ученички парламент ( број на ученици )** | I-V 10 ученици и VI-IX 12 ученици |

***Наставен и ненаставен кадар***

| Наставен и ненаставен кадар | Вкупно | Етничка и полова структура на наставниците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Друго | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **Број на вработени** | **59** | **6** | **49** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **1** | **/** | **3** |
| **Број на наставен кадар** | **45** | **4** | **38** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **3** |
| **Број на стручни соработници** | **4** | **/** | **4** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** |
| **Административни работници** | **1** | **1** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** |
| **Техничка служба** | **7** | **1** | **5** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **1** | **/** | **/** |
| **Директор** | **1** | **/** | **1** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** | **/** |

- ***Степен на образование на вработените***

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| **Високо образование** | **48** |
| **Вишо образование** | **3** |
| **Средно образование** | **5** |
| **Основно образование** | **2** |

- ***Старосна структура на вработените***

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| **20-30** | **/** |
| **31-40** | **14** |
| **41-50** | **25** |
| **51-60** | **16** |
| **над 61** | **3** |

## Полова застапеност на учениците

| Одделение | Број на ученици по пол | | | Број на паралелки |
|---|---|---|---|---|
| | Машки | Женски | Вкупно | |
| **I** | 28 | 27 | 55 | 2 |
| **II** | 24 | 25 | 49 | 2 |
| **III** | 23 | 30 | 53 | 2 |
| **IV** | 20 | 19 | 39 | 2 |
| **V** | 19 | 26 | 45 | 2 |
| **Вкупно I-V** | **114** | **127** | **241** | **10** |
| **VI** | 20 | 21 | 41 | 3 |
| **VII** | 30 | 19 | 49 | 3 |
| **VIII** | 25 | 25 | 50 | 3 |
| **IX** | 30 | 22 | 52 | 3 |
| **Вкупно VI-IX** | **105** | **87** | **192** | **12** |
| **Вкупно I-IX** | **219** | **214** | **433** | **22** |

## Наставен јазик

| | Наставен јазик- македонски | Наставен јазик- албански | Наставен јазик- турски | Наставен јазик- српски |
|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 22 | / | / | / |
| **Број на ученици** | 433 | / | / | / |
| **Број на наставници** | 45 | / | / | / |

## Етничка и родова структура на учениците

| Одделение | Број на паралелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Бошњаци | | Турци | | Роми | | Срби | | Друго | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **I** | 2 | 55 | 16 | 13 | / | / | 6 | 10 | 1 | 1 | 4 | 2 | 1 | / | / | 1 |
| **II** | 2 | 49 | 12 | 12 | / | / | 8 | 9 | 1 | 1 | 2 | 3 | 1 | / | / | / |
| **III** | 2 | 53 | 9 | 17 | / | / | 8 | 8 | 3 | / | 3 | 5 | / | / | / | / |
| **IV** | 2 | 39 | 17 | 10 | / | / | 2 | 5 | 1 | / | / | 3 | / | / | / | 1 |
| **V** | 2 | 45 | 15 | 11 | / | / | 2 | 13 | 2 | / | / | 2 | / | / | / | / |
| **I-V** | **10** | **241** | **69** | **63** | **/** | **/** | **26** | **45** | **8** | **2** | **9** | **15** | **2** | **/** | **/** | **2** |
| **VI** | 3 | 41 | 11 | 12 | / | 1 | 4 | 4 | 1 | / | 4 | 4 | / | / | / | / |
| **VII** | 3 | 49 | 15 | 11 | / | / | 9 | 6 | 2 | / | 2 | 2 | 1 | / | 1 | / |
| **VIII** | 3 | 50 | 12 | 14 | / | 1 | 8 | 8 | 2 | / | 3 | 1 | / | 1 | / | / |
| **IX** | 3 | 52 | 19 | 15 | / | 1 | 6 | 2 | 2 | 2 | 3 | / | / | 2 | / | / |
| **VI-IX** | **12** | **192** | **57** | **52** | **/** | **3** | **27** | **20** | **7** | **2** | **12** | **7** | **1** | **3** | **1** | **/** |
| **I-IX** | **22** | **433** | **126** | **115** | **/** | **3** | **53** | **65** | **15** | **4** | **21** | **22** | **3** | **3** | **1** | **2** |
| **Вкупно** | | | **241** | | **3** | | **118** | | **19** | | **43** | | **6** | | **3** | |

## 4. Мисија и визија

***МИСИЈА:*** *Училиштето се стреми кон развивање на социјален, интелектуален и академски прогрес на учениците. Ние обезбедуваме подеднаков напредок на учениците преку развивање на нивните вештини, таленти и потреби. Светот го замислуваме глобално и отворено место, исполнето со почит и разбирање.*

***ВИЗИЈА:*** *Визија на училиштето е да ги инспирира учениците до нивниот максимален потенцијал, воедно да ги мотивира на потикнување на одговорно однесување и вредна работа. Училиштето верува во овие атрибути за да постигнеме единствен профил на ученик.*

## 5. Едукативни информации од календарот за настава

| Реализирана програмска активност | Време на реализација | Методи и постапки за реализација | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|
| Ден на независноста на Р.Македонија | 06.09.2019 год. | Годишнина од декларацијата на независноста на Р. Македонија | Почитување на државен празник |
| Ден на народното востание | 10.10.2019 год. | Во пресрет на 11 Октомври – реферат и положување на цвеќе пред споменикот на паднатите борци | Почит кон историското минато |
| Ден на Македонската револуционерна борба | 22.10.2019 год. | Посета на Музеј –ученици од осмо одделение | Почит кон историското минато |
| Ослободување на Скопје | 13.11.2019 год. | Поетско читање | Почитување на празници |
| Денот на Св. Климент Охридски | 06.12.2019 год. | Осврт кон делото на македонскиот, словенски учител и светец Св. Климент Охридски | Почит кон делото на Св. Климент Охридски |

- ***Еколошки календар***

Одбележување на значајни еколошки датуми со цел подигање на еколошката свест кај учениците :

1. Светски ден за заштита на озонската обвивка 16 септември 2019 год.
2. Ден без автомобили 22 септември 2019 год.
3. Ден на чисти планини 26 септември 2019 год.
4. Светски ден на домашните животи 2 октомври 2019 год.
5. Светски ден за заштита на животните 4 октомври 2019 год.
6. Меѓународен ден на пешачењето 15 октомври 2019 год.
7. Светски ден на храната 16 октомври 2019 год.
8. Светскиот ден на чистиот воздух 3 ноември 2019 год.
9. Ден на климатските промени 4 ноември 2019 год.
10. Светски ден на непушачите 17 ноември 2019 год
11. Меѓународен ден на планините 11 декември 2019 год.

- ***Наставен и ненаставен кадар***

Во учебната 2019/20 во училиштето реализираат настава вкупно 45 наставници од кои во одделенска настава 20 и 25 во предметна настава.

- Во учебната 2019/20 година работат 6 хигиеничарки и 1 хаусмајстор кои се грижат за хигиената во училиштето, распределени во две смени.

Учебната година започна на 2 Септември (понеделник) со вкупно 433 ученици распоредени во 22 паралелки. Учениците се од општината и поширокиот градски регион. Наставата се изведува на македонски наставен јазик.

Двајца наставници дополнуваат од други училишта по предметите: германски јазик и географија, а 2 наставника дополнуваат во други училишта по предметите: етика во религиите, етика и граѓанско образование.

Фондот на часовите е според нормативот во согласност со Законот за основно образование.

- ***Раководен стручен и административен кадар***

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Вилма Поповиќ | Директор | ВСС |
| 2 | Валентина Лена- Вељан | Помошник директор | ВСС |
| 3 | Маја Ѓорчевска-Затуроска | Педагог | ВСС |
| 4 | Сања Шутиноска | Психолог | ВСС |
| 5 | Д-р Нела Радевска | Стручен соработник | Доктор на науки |
| 6 | Стојанче Кабранов | Секретар | ВСС |

- ***Преглед на наставен кадар, класни раководства и број на часови по предмети***

| Р.бр | **Име презиме** | **Предмет** | **Класно раководство** | **Вкупно часови** | **Стручна подготовка (дополнува)** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ирена Пановска Тодороска | Македонски јазик | 7-1 | 20 | ВСС |
| 2 | Марија Варадинска - Алексова | Македонски јазик | 9-3 | 20 | ВСС |
| 3 | Ирена Костовска | Македонски јазик | / | 20 | ВСС |
| 4 | Даниела Такашманова | Англиски јазик | / | 20 | ВС |
| 5 | Маја Бутлевска | Англиски јазик | / | | ВСС |
| 6 | Кети Христовска | Германски јазик | / | 20 | ВСС |
| 7 | Војислав Гушевски | Германски јазик | / | 4 | ВСС |
| 8 | Жанета Шумкоска | Математика | / | 20 | ВСС |
| 9 | Гордана Чеперковиќ - Делева | Математика | 7-2 | 20 | ВСС |
| 10 | Ленче Зајковска | Математика, физика | 6-2 | 20 | ВСС |
| 11 | Бојана Бачоска | Хемија, биологија, унапредување на здравјето (изборен) | 7-3 | 20 | ВСС |
| 12 | Андријана Грујоска | Биологија, природни науки, унапредување на здравјето (изборен) | 8-3 | 20 | ВСС |
| 13 | Весна Миливоевиќ | Географија | 6-1 | 20 | ВСС |
| 14 | Васко Лазаревски | Географија | / | 4 | ВСС |
| 15 | Ненад Наневски | Историја | / | 20 | ВСС |
| 16 | Горан Величковиќ | Информатика, програмирање (изборен), администратор | / | 20 | ВСС |
| 17 | Марина Станковиќ | Ликовно образование,проекти | 8-1 | 20 | ВСС |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | од ликовна уметност (изборен) | | | |
| 18 | Благица Димчева | Музичко образование, хор, оркестар, изборен предмет танци и ора | 9-1 | 20 | ВСС |
| 19 | Павлинка Цонева ( замена Јасмина Дичевиќ) | Физика, природни науки, иновации, вештини за живеење (изборен) | 8-2 | 20 | Магистер на науки |
| 20 | Милка Симска | Техничко образование, изборен | 9-2 | 20 | ВС |
| 21 | Валентина Лена Вељан | Физичко образование | / | 12 | ВСС |
| 22 | Драган Станојковски | Физичко образование, изборен спорт | 6-3 | 20 | ВСС |
| 23 | Чедомир Пановски | Физичко образование, изборен спорт | / | 20 | ВСС |
| 24 | Маја Јакимовска | Етика на религии | / | 20 | ВСС |
| 25 | Горица Бошковска | Етика, граѓанско образование, животни вештини (изборен) | / | 20 | ВСС |

| **КЛАСНИ РАКОВОДИТЕЛИ** | **ОДДЕЛЕНИЕ И ПАРАЛЕЛКА** |
|---|---|
| Весна Миливоевиќ | VI-1 |
| Ленче Зајковска | VI-2 |
| Драган Станојковски | VI-3 |
| | |
| Ирена Пановска Тодороска | VII-1 |
| Гордана Чеперковиќ - Делева | VII-2 |
| Бојана Бачоска | VII-3 |
| | |
| Марина Станковиќ | VIII-1 |
| Валентина Лена Вељан | VIII-2 |
| Андријана Грујоска | VIII-3 |
| | |
| Благица Димчева | IX-1 |
| Милка Симска | IX-2 |
| Марија Варадинска - Алексова | IX-3 |

***Преглед на наставници во одделенска настава***

| Ред.бр. | Име и презиме | Одделенско раководство | Стручна подготовка |
|---|---|---|---|
| 1 | Ана Покупец Апостолски | 1/1 | ВСС |
| 2 | Мери Ќурчиева | 1/1 | ВСС |
| 3 | Мирјана Јанеска | 1/2 | ВС |
| 4 | Луиза Наневска | 1/2 | ВСС |
| 5 | Гордана Стефановска | 2/1 | ВСС |
| 6 | Горица Веловска | 2/1 | ВСС |
| 7 | Сања Пиперевска | 2/2 | ВСС |
| 8 | Александра Крстова | 2/2 | ВСС |
| 9 | Дијана Илиевска – Коваческа | 3/1 | ВСС |
| 10 | Катарина Лазаревска | 3/1 | ВСС |
| 11 | Даниела Крстевска | 3/2 | ВСС |
| 12 | Нина Николоска | 3/2 | ВСС |
| 13 | Виолета Ѓошева | 4/1 | ВСС |
| 14 | Анка Чоневска | 4/1 | ВСС |
| 15 | Вера Петровска | 4/2 | ВСС |
| 16 | Соња Кирковска | 4/2 | ВСС |
| 17 | Данче Гиговска | 5/1 | ВСС |
| 18 | Гордана Букревска | 5/1 | ВСС |
| 19 | Симона Пецова | 5/2 | ВСС |
| 20 | Нела Никовска Слезенкова | 5/2 | ВСС |
| 21 | Ирена Бакреска – Василевска – англиски јазик | / | ВСС |

## 6. Курикулум- НАСТАВЕН ПЛАН

Во учебната 2019/2020 училиштето работи по Наставен план и програма верифицирани од БРО и МОН и ги содржи следните видови настава: задолжителна, изборна, дополнителна и додатна настава.

| **Задолжителни предмети** | **Изборни предмети** |
|---|---|
| Македонски јазик | Етика на религиите |
| Англиски јазик | Проекти од ликовна уметност |
| Германски јазик | Танци и народни ора |
| Математика | Унапредување на здравјето |
| Историја | Проекти од ТО |
| Географија | Изборен спорт |
| Граѓанско образование | Проекти од информатика |
| Биологија | Творештво |
| Физика | Вештини на живеење |
| Хемија | |
| Ликовно образование | |
| Музичко образование | |
| Физичко образование | |
| Техничко образование | |
| Информатика | |
| Етика | |
| Работа со компјутер и основи на програмирање | |
| Општество | |
| Природни науки | |
| Иновации | |

- ***Организација на задолжителна настава***

Училиштето организира целодневна настава за учениците од I-V одделение и истата се реализира од 7 часот и 30 минути до 16 часот. Појадокот за овие ученици се организира од 8:00 часот во училишната трпезарија, а ручекот во 12:00. Наставата се реализира во 10 училници. За учениците од VI-IX одделение часовите започнуваат во 8:00 и завршуваат во согласност со распоредот на часови. Учениците од VI-IX одделение се опфатени во 12 паралелки.

-Содржини од предметот „Животни вештини“, застапен со еден час седмично се реализира на одделенскиот час со сите ученици.

- Задолжителен прв странски јазик за учениците од I до IX одделение е англиски јазик, а како втор задолжителен странски јазик од VI одделение училиштето го предлага германскиот јазик.

Неделниот фонд на часови по задолжителните предмети е утврден во Наставниот план, а целите, содржините, поимите и планираните активности се содржани во наставните програми донесени од БРО.

- **Изборна настава**

Изборна настава се реализира по избор на учениците кои имаа можност да бираат предмети соодветни за нивната возраст и според наставните програми донесени од БРО. Во училиштето се нудат 9 изборни предмети за оваа учебна година.

- **Дополнителна настава**

Се организира за учениците кои покажуваат потешкотии во совладувањето на наставните содржини, биле отсутни заради болест или од други причини Се изведува редовно по сите наставни предмети, во текот на целата учебна година, со примена на индивидуалната и групна форма на работа. Ова полугодие дополнителната настава по предмети , часови и број на ученици е прикажана во следнава табела:

| Наставник | Наставен предмет | Часови | Ученици |
|---|---|---|---|
| Кети Христовска | Германски јазик | 13 | 10 |
| Марија В. Алексова | Македонски јазик | 14 | 10 |
| Ирена Т.Пановска | Македонски јазик | 14 | 6 |
| Ирена Костовска | Македонски јазик | 14 | 6 |
| Ленче Зајковска | Математика/Физика | 9/5 | 20/25 |
| Гордана Делева | Математика | 15 | 20 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Жанета Шумкоска | Математика | 15 | 20 |
| Бојана Бачоска | Хемија | 8 | 6 |
| Весна Миливоевиќ | Географија | 8 | 13 |
| Ненад Наневски | Историја | 8 | 10 |
| Андријана Грујоска | Биологија | 12 | 9 |
| Маја Бутлевска | Англиски јазик | 6 | 10 |
| Даниела Такашманова | Англиски јазик | 4 | 10 |
| Горица Бошкоска | Граѓанско образование/ Етика | 1/1 | 4/5 |
| Гордана Стефановска | Математика | 9 | 6 |
| Горица Веловска | Македонски јазик | 8 | 5 |
| Сања Пиперевска | Македонски јазик | 8 | 5 |
| Александра Крстова | Математика | 9 | 6 |
| Дијана Илиевска – Коваческа | Македонски јазик | 7 | 5 |
| Катарина Лазаревска | Математика | 9 | 5 |
| Даниела Крстевска | Македонски јазик | 7 | 3 |
| Нина Николоска | Математика | 9 | 3 |
| Виолета Ѓошева | Македонски јазик | 7 | 3 |
| Анка Чоневска | Математика | 10 | 3 |
| Вера Петровска | Македонски јазик | 7 | 3 |
| Соња Кирковска | Математика | 10 | 3 |
| Данче Гиговска | Македонски јазик | 8 | 5 |
| Гордана Букревска | Математика | 7 | 4 |
| Симона Пецова | Македонски јазик | 8 | 5 |
| Нела Н.Слезенкова | Математика | 7 | 4 |
| Ирена Бакревска | Англиски јазик | 4 | 5 |

- **Додатна настава**

Се организира за учениците кои покажуваат зголемен интерес за наставните содржини, за проширување и продлабочување на знаењата. Од оваа група на талентирани ученици се бираат учениците кои го претставуваат училиштето на сите видови натпревари по сите предмети.

| Наставник | Наставен предмет | Часови | Ученици |
|---|---|---|---|
| Кети Христовска | Германски јазик | 13 | 12 |
| Ирена Т.Пановска | Македонски јазик | 14 | 8 |
| Ирена Костовска | Македонски јазик | 14 | 10 |
| Ленче Зајковска | Математика/Физика | 14 | 8 |
| Гордана Делева | Математика | 5/4 | 7/5 |
| Жанета Шумкоска | Математика | 13 | 8 |
| Бојана Бачоска | Хемија | 4 | 10 |
| Ненад Наневски | Историја | 8 | 5 |
| Андријана Грујоска | Биологија | 8 | 18 |
| Даниела Такашманова | Англиски јазик | 1 | 5 |
| Маја Бутлеска | Англиски јазик | 6 | 10 |
| Горица Бошкоска | Граѓанско образование/ Етика | 1/1 | 4/4 |
| Гордана Стефановска | Математика | 7 | 10 |
| Горица Веловска | Македонски јазик | 7 | 10 |
| Сања Пиперевска | Македонски јазик | 7 | 11 |
| Александра Крстова | Математика | 7 | 10 |
| Дијана Илиевска – Коваческа | Македонски јазик | 7 | 5 |
| Катарина Лазаревска | Математика | 5 | 5 |
| Даниела Крстевска | Македонски јазик | 8 | 5 |
| Нина Николоска | Математика | 9 | 5 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Виолета Ѓошева | Македонски јазик | 6 | 5 |
| Анка Чоневска | Математика | 10 | 5 |
| Вера Петровска | Македонски јазик | 6 | 6 |
| Соња Кирковска | Математика | 10 | 4 |
| Данче Гиговска | Македонски јазик | 6 | 5 |
| Гордана Букревска | Математика | 7 | 4 |
| Симона Пецова | Македонски јазик | 6 | 4 |
| Нела Никовска Слезенкова | Математика | 7 | 5 |
| Ирена Бакревска | Англиски јазик | 4 | 5 |

- ***Инклузија на деца со посебни потреби***

- Вклучување на децата со ПОП во редовни услови и настава, а со тоа поуспешно функционирање, комуникација , толеранција и давање на можности за подобро прилагодување во социјалната средина
- Флексибилна индивидуализирана поддршка на децата со ПОП од страна на учениците и наставниците
- Зголемено и активно учество во инклузивниот и образовниот процес ИОП и практична вклученост на родителите на деца со посебни образовни потреби
- Изработка на индивидуални образовни планови соодветни на способностите, потребите и подготвеноста на секој ученик

| Реализирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки за реализација | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Идентификување на ученици со посебни образовни потреби и потешкотии во учењето | Септември и октомври | Педагог,психолог дефектолози и одделенски наставници | Индивидуална, заедничка | Правилна идентификација на ученици за понатамошна помош |
| Формирање на Училишен инклузивен тим | Септември | Педагошко-психолошка служба, наставници, родители и директор | Заедничка, групна | Водење грижа за инклузивните политики и практики на ново на целото училиште |
| Формирање на Инклузивни тимови на ученици | Септември | Педагошко-психолошка служба, наставници и родители | Заедничка, групна | Изготвување и реализирање на индивидуални образовни планов |
| Процена на развојниот статус на ученикот | Во текот на првото тромесечие | Педагог, психолог, дефектолози, одделенски наставници | Индивидуална, дискусија и групна | Правилна проценка на способностите на ученикот за давање понатамошна помош |
| Изработка на ИОП за ученици со посебни образовни потреби | Септември | Одделенскиот тим, тим за инклузија, наставници и стручни соработници | Групна, тимска работа и дискусија | Изработка на применливи програми според индивидуалните способности на учениците |
| Водење на досие за учениците | Во текот на целата година во континуитет | Одделенскиот тим, тим за инклузија, наставници и стручни соработници | Индивидуална | Подобар увид за напредокот на ученикот |
| Информираност на наставниците и родителите каде што има такви деца | Во текот на целата година во континуитет | Одделенскиот тим, тим за инклузија, наставници и стручни соработници | Групна и индивидуална и дискусија | Континуирана соработка на тимовите со наставникот и родителот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Директна помош и поддршка на учениците со ПОП | Во текот на целата година во континуитет | Педагошко-психолошка служба и дефектолози | Индивидуална | Полесно совладување на наставните содржини |
| Информирање на родителите за постигнатите успеси | Во текот на целата година во континуитет | Одделенски наставници | Индивидуална и дискусија | Зајакнување на взаемната соработка со родителите |
| Октомври месец на лица со Даунов синдром | 11.10.2019 год. | Психолог, ученици од VI, VII,VIII и IX одделение | Едукативна работилница и видео презентација | Подигање на свеста кај учениците за лицата со Даунов синдром |
| Посета на Меѓународен инклузивен драмски фестивал ,,ИГРИ БЕЗ МАСКА" 2019 | 29.11.2019 год. | Класни раководители, Педагошко-психолошка служба,ученици од предметна настава | Присуство на затварањето на 6-от Меѓународен инклузивен драмски фестивал. Доделување награди. Проследување на победничката претстава ,,САМИ" | Подигнување на општествената одговорност кај учениците и вклучување во инклузивниот свет на учениците под мотото: Љубовта ја шириме |
| Одбележување на Светски ден на лицата со потешкотии | 3.12.2019 год | Дефектолог, педагошко-психолошка служба, асистенти и ученици | Учество на музичко сценски перформанс на учениците со ПОП | Инклузија на учениците со ПОП во светот на уметноста |

Во учебната 2019/2020 година во училиштето настава посетуваат 10 ученици со посебни образовни потреби од кои 9 машки и 1 од женски пол и сите се вклучени во седум редовни паралелки.

И оваа учебна година училиштето е корисник на Програмата: „Општинско- корисна работа" која се однесува на обезбедување на индивидуална и соодветна поддршка на учениците со попреченост во воспитно-образовниот процес, преку ангажирање на образовни и лични асистенти кои ќе ја реализираат потребната поддршка, а со цел стекнување квалитетно образование за секој ученик и реализирање на неговиот целосен потенцијал. Во рамките на образовниот процес во нашето училиште ангажиран е еден образовен асистент. Со учениците со ПОП еднаш неделно работи дефектолог кој доаѓа од дуго училиште.

- ***Употреба на ИКТ во наставата***

Содржините кои наставниците ги реализираат со помош на ИКТ се дефинирани во нивните тематски и процесни планирања. Примена на ИКТ во наставата овозможува реализација на многубројни содржини и активности кои се поврзани со програмата.

**Реализирани часови во одделенска настава со примена на ИКТ**

| Наставни предмети | I | II | III | IV | V |
|---|---|---|---|---|---|
| **Македонски јазик** | 11 | 12 | 35 | 30 | 14 |
| **Математика** | 12 | 10 | 29 | 40 | 12 |
| **Општество** | 4 | 4 | 10 | 26 | 12 |
| **Природни науки** | 12 | 6 | 13 | 12 | / |
| **Музичко образование** | / | 6 | 20 | 16 | 4 |
| **Ликовно образование** | / | / | 10 | 4 | 4 |
| **Физичко образование** | / | / | 6 | 6 | / |
| **Работа со компјутери** | / | / | 64 | 40 | / |
| **Техничко образование** | / | / | / | 6 | / |

- ***Реализирани часови во предметна настава со примена на ИКТ***

| Наставни предмети | VI | VII | VIII | IX |
|---|---|---|---|---|
| **Математика** | 16 | 10 | 7 | 12 |
| **Германски јазик** | 14 | 15 | 13 | 18 |
| **Физика** | / | / | 10 | 9 |
| **Хемија** | / | / | 8 | 10 |
| **Биологија** | 8 | / | 8 | 10 |
| **Граѓанско образование** | / | / | 1 | 1 |
| **Етика на религии** | 2 | / | / | / |

- ***Проекти кои се реализираат во училиштето***

Во училиштето се реализираат следните проекти активности:

- ***Интеграција на еколошката едукација;***
- ***Проект за меѓуетничка интеграција во образованието;***
- ***ПХВ проектот во соработка со Црвен Крст;***
- ***Училишни сообраќајни единици***
- ***Меѓуопштинска соработка- Размена на ученици Скопје-Сараево***

| **Реализирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Исходи и ефекти** |
|---|---|---|---|
| -Пристигнување на учениците и наставниците од ОУ Муса Чазим Чатиќ- Сараево<br>-Посета на Црквата Св. Спас и скопското Кале<br>-Прошетка низ Старата скопска чаршија<br>Прошетка низ центарот на градот Скопје | 31.10.2019 год | Претставници од двете училишта и Општина Центар | Меѓусебна соработка, размена на искуства во воспитно-образовната дејност, запознавање со македонското културно-историско наследство |
| -Презентација (претставување ) на училиштето од Сарево пред учениците и наставниците од нашето училиште<br>-Гостување на манифестацијата: Денови на Општина Центар | 01.11.2019 год. | | |
| -Прошетка на падините на Водно<br>-Испраќање на гостите за Сараево | 02.11.2019 год. | | |

- ***Работа со надарени и талентирани ученици***

| Реализирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки за реализација | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Идентификација на талентираните ученици | На почеток на учебната година | Психолог одд.наставници пред. наставници | Индивидуална, заедничка | Правилна идентификација на ученици |
| Проценување на особините на учениците | На почеток на учебната година | Психолог одд.наставници пред. наставници | Извештаи, оцена од другари ,самооценување | Модел на идентификација |
| Мерење на степенот на развиеност на особините на учениците | Октомври,ноември | Психолог, педагог | Тестови на интелигенција | Преку користење на инструменти да се измери развиеност на одредени особини кај учениците |
| Аналитичко истражување на тема: Поврзаност помеѓу интелигенцијата, мотивацијата, креативноста и училишниот успех кај надарените и талентираните ученици | Декември 2019 Февруари 2020 | Психолог, педагог | Тестови на интелигенција TRL, тест на креативностTCD-DP и тест за мотивација МОП | За научна цел, за подобар третман на надарените и талентираните ученици |

## 7. Оценување

Во училиштето се организира систематско следење, вреднување и унапредување на воспитно-образовната работа.
Следењето, унапредувањето и вреднувањето на воспитно-образовната работа опфаќа:

- Следење на планирањето, програмирањето и подготовката на целокупната воспитно-образовна работа во училиштето.
- Планирање и подготовка на наставниците за изведување  настава.
- Водење на педагошка документација и евиденција
- Планирање, програмирање и реализација на активностите на педагошко-психолошката служба во училиштето.
- Следење, проверување и вреднување на успехот што го постигнуваат учениците и наставниците во наставата и воннаставните активности.
- Успехот на учениците се следи континуирано од страна на сите релевантни субјекти и се настојува да се постигне што пообјективно оценување.

**Полугодишен извештај за напредокот на учениците од I-IV одделение**

Во првото полугодие од учебната 2019/2020 година во **прво одделение** учат вкупно 55 ученици од кои 27 женски и 28 машки. Сите ученици напредуваат според своите можности и способности, сите се добро социјализирани и се забележува напредок на учениците од почетокот на учебната година до сега. Сите ученици се описно оценети, од кои 34 ученици во прво ниво, 19 ученици во второ ниво и 3 ученици во трето ниво. Направени се вкупно 130 оправдани изостаноци.

Во првото полугодие од учебната 2019/2020 година во **второ одделение** учат вкупно 49 ученици од кои 25 женски и 24 машки. Сите имаат примерно поведение и секој напредува според своите можности и способности. Учениците се оценети во 2 нивоа, од кои 32 во прво ниво и 17 во второ ниво. Направени се вкупно 157 оправдани изостаноци.

Во првото полугодие од учебната 2019/2020 година во **трето одделение** учат вкупно 53 ученици од кои 30 женски и 23 машки. Сите имаат примерно поведение и секој напредува според своите можности и способности. Учениците се усно и писмено проверени и се оценети во 3 нивоа, од кои 32 во прво ниво, 17во второ ниво и 4 во трето ниво. Направени се вкупно 313 оправдани изостаноци.

Во првото полугодие од учебната 2019/2020 година во **четврто одделение** учат вкупно 39 ученици од кои 19 женски и 20 машки. Сите имаат примерно поведение и секој напредува според своите можности и способности. Учениците се оценети во 3 нивоа, од кои 28 во прво ниво, 5 во второ ниво и 6 во трето ниво.

Во првото полугодие од учебната 2019/2020 година во **петто одделение** учат вкупно 45 ученици од кои 26 женски и 19 машки. Сите имаат примерно поведение и секој напредува според своите можности и способности. Учениците се оценети во 3 нивоа, од кои 26 во прво ниво, 16 во второ ниво и 3 во трето ниво.

## Полугодишен извештај за напредокот на учениците од I-IX одделение

| Паралелки | Успех | Паралелка | Успех |
|---|---|---|---|
| I -1 | Описно | VI-1 | Описно |
| I -2 | Описно | VI-2 | Описно |
| II-1 | Описно | VI-3 | Описно |
| II-2 | Описно | VII-1 | 3,92 |
| II -3 | Описно | VII-2 | 3,68 |
| III-1 | Описно | VII-3 | 4,04 |
| III-2 | Описно | VIII-1 | 4,14 |
| III-3 | Описно | VIII-2 | 4,57 |
| IV-1 | Описно | VIII-3 | 4,00 |
| IV-2 | Описно | XI-1 | 4,42 |
| IV-3 | Описно | XI-2 | 4,34 |
| V-1 | Описно | XI-3 | 3,89 |
| V-2 | Описно | **Среден успех од VII-IX** | **4,11** |
| V-3 | Описно | | |

### Просечен постигнат полугодишен успех по години

| Учебна година | Постигнат успех |
|---|---|
| 2014 / 2015 | 4,30 |
| 2015 / 2016 | 4,30 |
| 2016 / 2017 | 4,39 |
| 2017 / 2018 | 4,36 |
| 2018 / 2019 | 4,39 |
| **2019 / 2020** | **4,11** |



- **Следната табела го прикажува просечниот полугодишен успех во предметна настава по задолжителни предмети**

| | |
|---|---|
| ***Македонски јазик*** | 3,88 |
| ***Англиски јазик*** | 4,12 |
| ***Германски јазик*** | 3,66 |
| ***Математика*** | 3,92 |
| ***Историја*** | 3,71 |
| ***Географија*** | 3,87 |
| ***Граѓанско образование*** | 4,26 |
| ***Биологија*** | 4,15 |
| ***Физика*** | 3,52 |
| ***Хемија*** | 3,93 |
| ***Ликовно образование*** | 4,95 |
| ***Музичко образование*** | 4,12 |
| ***Физичко и здравствено образование*** | 5,00 |
| ***Техничко образование*** | описно |
| ***Информатика*** | 4,49 |
| ***Етика*** | 3,88 |
| ***Природни науки*** | опино |
| ***Иновации*** | 4,79 |




- **Следната табела го прикажува просечниот полугодишен успех во предметна настава по изборни предмети**

| | |
|---|---|
| ***Етика на религиите*** | описно |
| ***Танци и народно ора*** | 5,00 |
| ***Унапредување на здравјето*** | 4,82 |
| ***Проекти од техничко образование*** | 5,00 |
| ***Спорт*** | 5,00 |
| ***Проекти од информатика*** | 5,00 |
| ***Проекти од ликовно*** | 5,00 |
| ***Вештини на живеење*** | 5,00 |



### *Квалификациони периоди за последните години*

| 2014/2015 | | 2015/2016 | | 2016/2017 | | 2017/2018 | | 2018/2019 | | 2019/2020 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***VI-1*** | 4,01 | ***VII-1*** | 4,29 | ***VIII-1*** | 3,73 | ***IX-1*** | 3,41 | / | / | / | / |
| ***VI-2*** | 4,54 | ***VII-2*** | 4,55 | ***VIII-2*** | 4,24 | ***IX-2*** | 4,27 | / | / | / | / |
| ***VI-3*** | 4,65 | ***VII-3*** | 4,77 | ***VIII-3*** | 4,44 | ***IX-3*** | 4,47 | / | / | / | / |
| | | | | | | | | | | | |
| | | ***VI-1*** | 4,75 | ***VII-1*** | 4,67 | ***VIII-1*** | 4,61 | ***IX-1*** | 4,68 | / | / |
| | | ***VI-2*** | 4,44 | ***VII-2*** | 4,33 | ***VIII-2*** | 4,16 | ***IX-2*** | 4,24 | / | / |
| | | ***VI-3*** | 4,09 | ***VII-3*** | 3,82 | ***VIII-3*** | 3,70 | ***IX-3*** | 3,88 | / | / |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | ***VI-1*** | 4,64 | ***VII-1*** | 4,29 | ***VIII-1*** | 4,28 | ***IX-1*** | 4,42 |
| | | | | ***VI-2*** | 4,73 | ***VII-2*** | 4,51 | ***VIII-2*** | 4,36 | ***IX-2*** | 4,34 |
| | | | | ***VI-3*** | 3,93 | ***VII-3*** | 4,09 | ***VIII-3*** | 4,01 | ***IX-3*** | 3,89 |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | ***VI-1*** | 4,35 | ***VII-1*** | 4,28 | ***VIII-1*** | 4,14 |
| | | | | | | ***VI-2*** | 4,46 | ***VII-2*** | 4,49 | ***VIII-2*** | 4,57 |
| | | | | | | ***VI-3*** | 4,11 | ***VII-3*** | 4,05 | ***VIII-3*** | 4,00 |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | ***VI-1*** | 4,39 | ***VII-1*** | 3,92 |
| | | | | | | | | ***VI-2*** | 4,30 | ***VII-2*** | 3,68 |
| | | | | | | | | ***VI-3*** | 4,42 | ***VII-3*** | 4,04 |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | ***VI-1*** | описно |
| | | | | | | | | | | ***VI-2*** | описно |
| | | | | | | | | | | ***VI-3*** | описно |

**Преглед на успехот на учениците по пол и националност VII - IX одд**

| Број на ученици | одлични | | мн.добри | | добри | | доволни | | недоволни | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| македонци | 24 | 24 | 15 | 10 | 6 | 5 | / | / | 1 | 1 |
| бошњаци | 6 | 3 | 14 | 6 | 2 | 4 | / | / | 1 | 3 |
| албанци | / | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| роми | 1 | / | 2 | / | 1 | / | / | / | 4 | 3 |
| турци | 1 | 2 | 4 | / | 1 | / | / | / | / | 1 |
| срби | 1 | 1 | / | 1 | / | / | / | / | / | / |
| други | / | / | 1 | / | / | / | / | / | / | / |
| **вкупно** | **33** | **32** | **36** | **17** | **10** | **9** | **/** | **/** | **6** | **8** |

## Редовност на учениците

- Споредбени показатели на изостаноци по години:

| Учебна година | 10/11 | 11/12 | 12/13 | 13/14 | 14/15 | 15/16 | 16/17 | 17/18 | 18/19 | **19/20** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 6904 | 3640 | 4015 | 3683 | 5429 | 3987 | 6847 | 6151 | 5531 | **5370** |
| Неоправдани | 191 | 133 | 60 | 58 | 59 | 82 | 117 | 143 | 129 | **92** |
| Вкупно | 7095 | 3773 | 4075 | 3741 | 5488 | 4069 | 6964 | 6294 | 5660 | **5462** |

Анализа на редовноста на учениците по години



***Редовност на учениците во првото полугодие од учебната 2019-2020год***

| **Одделение** | **Број на изостаноци** | | |
|---|---|---|---|
| | **Оправдани** | **Неоправдани** | **Вкупно** |
| I | 130 | / | 130 |
| II | 154 | / | 154 |
| III | 313 | / | 313 |
| IV | 370 | / | 370 |
| V | 112 | / | 112 |
| **Вкупно I-V** | **1079** | **/** | **1079** |
| VI | 782 | / | 782 |
| VII | 753 | 24 | 777 |
| VIII | 1658 | 30 | 1688 |
| IX | 1098 | 38 | 1136 |
| **Вкупно VI-IX** | **4291** | **92** | **4383** |
| **Вкупно I-IX** | **5370** | **92** | **5462** |

- ***Меѓуетничка интеграција во образованието***

| Реализирана програмска активност | Реализатор | Време на реализација | Форми на работа и ресурси | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Демократски формирана ученичка заедница (од паралелка до училиште) | Одделенски наставници и предметни наставници | Септември | Користење на прирачници за демократско учество и примери на добра пракса | Развивање на вештини на толеранција, недискриминација, соработка, еднаквост |
| Проект поддржан од МОН со партнерско училиште ООУ Никола Вапцаров-Чаир Реализирани четири работилници: 14, 18, 21, 25.10.2019 Графички дизајн и графичка дисциплина - линорез | Ликовни педагози од двете училишта, прведувач (наставник по македонски јазик во наставата на албански јазик од партнерското училиште), по 8 ученици од двете училишта | Октомври | Проследување на говорот на Грета Тунберг во ОН. Презентација наменета за запознавање со историјата на печатен материјал од кампањите за рециклирање, спремен печатен материјал за секое дете со обемни информациии од полето на загадувачи и начини на рециклирање за мотивација и инспирација на учениците | Целта на овој проект е зголемување на знаењата за загадувачите, преземените чекори од страна на факторите кои можат да направат промена и зголемување на свеста за зачувување и одржување на чиста и здрава околина. Резултат на овие четири работилници се изработени печатени материјали од графички дизајн: постер, флаери и беџови и линорез: испечатени графики, маички и торби со еко пораки и слики од флора и фауна |

- ***Воннаставни активности***

Воннаставните активности претставуваат интегрално и мошне значајно подрачје во севкупната воспитно-образовна дејност на училиштето. Затоа во овој дел на Полугодишниот извештај се содржани основите за организирање и програмирање на:

**Ученичките натпревари**
**Ученичките екскурзии**
**Слободни ученички активности**

- ***Ученички натпревари***

Училиштето кое континуирано вложува во својот развој и создава позитивна, продуктивна и стимулативна училишна клима создава ученици кои го вложуваат својот максимум за реализацијата на сопствените афинитети и вештини. Правилното канализирање на енергијата која ја носи во себе ученикот и можноста да се надградува според афинитетите е одговорна задача на училиштето, кое го води ученикот кон портите на успехот и надвор од него.

Секој ученик се гордее со своите лични постигнувања, како и со постигнувањата кои ги носи во име на училиштето. Клучот на успехот лежи во сите нас кои ги поттикнуваме мотивот за самодокажување на учениците и желбата за афирмација во општеството.

| Реализирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Целна група | Исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Учество во училишни спортски игри: Лига Центар | Континуирано | Општина Центар и одговорни наставници | VI-IX одд | Развивање на спортските вештини кај учениците |
| Учество на Ученичка квизотека | 14.11.2019 | ДКЦ Карпош и ученици од нашето училиште,педагог | IX одд | Натпревар во знаење помеѓу градските основни училишта |
| Учество на конкурс за избор на детски расказ и песни за публикацијата: Моето патување во фантазија | 06.11.2019 | Канцеларија на Претседателот на Владата на РСМ | Ученици од четврто и петто одделение | Развивање на творечките вештини кај учениците |
| Учество на конкурс во Основно Училиште Бијачи, Каштел Нови Сплит | Декември | Основно Училиште Бијачи, Каштел Нови Сплит | Ученици од II, V, VI, VII, VIII, IX одделение | Развивање на творечките вештини кај учениците |

Во текот на месец ноември и декември се одржаа училишни натпревари по одредени предмети. Победниците од училишните натпревари ќе учествуваат на градските, регионалните и државните натпревари. Оние наставници кои не ги реализираа училишните натпревари во првото полугодие ќе ги одржат на почетокот на второто полугодие.

| **Предметен наставник** | **Време на реализација** | **Предмет** | **Наградени ученици** | **Освоено место** | **Одделение** |
|---|---|---|---|---|---|
| Марина Станковиќ | 11- 20.12.2019 | Ликовно образование | Марко Марковиќ<br>Петра Радевска<br>Азра Един | Прво место<br>Второ место<br>Трето место | Од прво до трето одделение |
| | | | Вања Димковска<br>Диљара Реџеповиќ<br>Ивана Радичева | Прво место<br>Второ место<br>Трето место | Од четврто до шестто одделение |
| | | | Ема Крстова<br>Марко Јованов<br>Ива Аџиска | Прво место<br>Второ место<br>Трето место | Од седмо одделение до деветто одделение |
| | | | **Специјална награда за портрет/автопортрет**<br>Амел Максимовски<br>Нина Мајуновиќ<br>Матеј Зивосовски<br>**Специјална награда за дизајн**<br>Кајра Шакировиќ<br>Дамјан Мишевски<br>Лука Тунев | | |

- ***Екскурзиите како посебен вид настава***

Училишните екскурзии и другите слободни активности (излети, настава во природа, зимување и летување) се вон училишни облици на воспитно-образовна работа што се изведуваат надвор од училиштето со цел да се реализираат конкретни цели од наставните програми.

**Воспитно-образовни цели:** совладување и проширување на знаења; примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите и односите во природната и општествената средина; подобрување на социјализацијата; меѓусебно разбирање и толеранција*.*

**Задачи:** изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот; развивање интерес за природата и градење еколошки навики; запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во различни краеви на државата; градење чувство за патриотизам; развивање позитивен однос кон националните , културните и естетските вредности; поттикнување и манифестирање позитивни емоции; развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

